ОПШТИНА ЛОЗОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 0901-562/10
24.06.2021 год.
ЛОЗОВО

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/02), Јавниот повик /известување до Единиците на Локална Самоуправа донесен врз основа на Оперативен план за активни прогарми и мерки за вработување и услуги на пазарот на труд за 2021год усвоен од Владата на Република Северна Македонија за 6.Програма за работно ангажирање-Јавни работи ,финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, Градоначалникот на Општина Лозово на ден 24.06.2021 распишува

**ЈАВЕН ОГЛАС**

**до невработени лица за вклучување во Јавни работи**

1).Се повикуваат невработените граѓани на Општина Лозово, кои се евидентирани невработени во Агенција за вработување-Центар за вработување Св.Николе со ниски квалификации, доколу сакаат да бидат вклучени во проекти од инфраструктурен карактер и заштита на животната средина на локално ниво истите да поднесат пријава во општина Лозово

2).Работно ангажирање на невработените лица за Јавни работи ќе се спроведува преку Општина Лозово за кои е неопходно 20 работника за временски период од 22 работни дена.

3) На ангажираните лица им се предвидува финансиска подршка во износ од 400 денари по работно ангажирано лице,дневно , со вклучен данок на личен доход и осигорување за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа и професионална болест.

4).Правата и обврските ќе се уредат со склучување на посебни договори.

5). За време на Јавните работи работно ангажираните невработени лица не ги губат правата по основ на невработеност.(на корисниците на социјална помош за времетраење на работното ангажирање ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

6).Заинтересираните невработени лица од точка 1 од овој Јавен оглас, пријави можат да поднесат од **24.06.2021** најдоцна до **30.06.2021 година** во Општина Лозово во Пријави во врска со јавниот оглас може да се подигнат од општина Лозово Одлука со Ранг листа на примените лица ќе биде објавен по завршување на огласот на огласната табла на Општина Лозово .

Детални информации можат да се добијат во Општина Лозово, контакт телефон 032/458-458 .

**Општина Лозово**

***Градоначалник***

***Ацо Велковски***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНА ЛОЗОВО